# И родителите се важни

## Како да му помогнете на вашето дете со – Форми и предмети

Просторната математика вклучува идеи во врска со форми, форми во цврсти предмети и позицијата на форми и предмети. Децата треба да си создадат слики во нивните глави за формите и предметите и за начинот на кој тие можат да се менуваат, да се составуваат или да се раздвојуваат.

Ние исто така треба да им помогнеме на децата да го научат јазикот кој им треба за да можат да опишуваат форми и предмети.

## Како децата учат за просторни идеи?

Во почетокот, децата ќе учат за предметите и просторот околу нив преку експерименти и игра. Малите деца уживаат да градат кули или да откриваат кои коцки може да се ставаат едни врз други или кои коцки ќе се превртат/паднат. Иако дури многу подоцна децата ќе научат како се викаат тридимензионалните предмети, ние треба да ги поттикнуваме да рзмислуваат и да зборуваат за деловите кои ги сочинуваат предметите.

Преку искуството рано во детството, децата ќе ги научат имињата на едноставните 2-димензионални форми, на пример, *триаголник* или *круг*. Ние треба да им покажуваме на децата форми во различни позиции и големини за да им помогнеме да си создадат ментални слики за формите. Цртањето и правењето форми се клучните начини како децата можат да ги развијат овие идеи.



# И родителите се важни

## Што можете да правите дома?

- Читајте му книги на детето и зборувајте за формите кои можете да ги видите на сликите. *Покривот на куќата е триаголник.*
- Барајте предмети внатре и надвор од куќата кои се во форма на круг, триаголник, правоаголник или квадрат. Барајте форми со различна големина и форми во различна позиција.
- Вклучете го детето во ракотворни активности, на пример, во правење на украсна хартија за завиткување подароци со тоа што ќе ставаат печати со обоени форми на хартија, користејќи тапи, празни макарчиња од конец или сунгерчиња.
- Со телото или рацете направете сенки на подот или на ѕидот и зборувајте за формите.
- Направете капа или брод од хартија и зборувајте за формите кои ги правите додека ја виткате хартијата.
- Самите направете сложувалка со тоа што ќе исечете слика од списание на четири или пет парчиња и составете ги повторно. Зборувајте како рабовите на парчињата се сложуваат.
- Соберете парченца хартија или искористена украсна хартија за завиткување и поттикнете ги децата да ја сечат на парчиња и со лепење да направат слика.
- Играјте *I Spy (Забележав...)* и опишувајте ги предметите според големина и форма. *Со моето мало око забележав нешто големо во форма на квадрат.*
- Користете кутии и контејнери со различна големина кога играте игри со "редење".
- Замолете го детето да ви помогне да ги ставите на место намирниците кои сте ги купиле и зборувајте кои работи лесно можат да се наредат едни врз други.
- Направете бисквити со калапчиња за колачи или направете 'божемни' бисквити од глина за моделирање. Зборувајте за формата на секој бисквит.
- Помогнете му на детето да направи авион од хартија и да види дали ќе лета.


Curriculum K–12 Directorate, © NSW Department of Education

# И родителите се важни

- Правете песочни фигури од влажен песок со шолји, кофи или калапи за желе. Зборувајте за големината и формата и обидете се да наредите некои од формите една врз друга.
- Дувајте меури со јамки од жица и сапуница. Зборувајте за формата и големината на меурите и што се случува кога формата на жицата ќе се смени.
- Соберете отпадоци од дрво и дозволете му на детето да ги залепи парчињата за да направи модел.
- Соберете школки на плажа и замолете го детето да ги сортира и да ви каже како тој или таа ги групирал школките.
- Направете "куќа" од карти за играње или од домино плочки.
- Зборувајте за формите кои се прават кога пресекувате зеленчук или овошје.

